2260.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.7.2012 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр.07-1763/4 од 27.6.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-5273/1
3 јули 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

2261.

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2008 и 145/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.7.2012 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за образование и наука бр.07-1994/2 од 3. 7.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 41-5380/1
3 јули 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

2262.

Врз основа на член 29 од Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/09, 136/11 и 1/12), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.7.2012 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ ЛОВИШТА „ПОЛАКИ" И „ЛЕШНИЦА"

1. Во Решението за давање на управување на државните ловишта „Полаки" и „Лешница" ("Службен весник на Република Македонија" бр.133/09) во насловот зборовите "државните ловишта „Полаки" и „Лешница"" се заменуваат со зборовите "државното ловиште "Лешница"".

2. Во точката 1 зборовите „Државните ловишта „Полаки" и „Лешница" се даваат" се заменуваат со зборовите: „Државното ловиште „Лешница" се дава".

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-4984/1
3 јули 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

2263.

Врз основа на член 26 став (5) од Законот за железнички систем („Службен весник на Република Македонија" број 48/2010 и 23/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.7.2012 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА 2012 ГОДИНА

1. Во Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2012), во точката 1 износот „260.000.000,00" се заменува со износот „205.000.000,00".

2. Во точката 2, потточка 1 износот „25.000.000,00" се заменува со износот „9.768.587,00".

Во потточката 2 износот „15.000.000,00" се заменува со износот „6.431.940,00".

Во потточката 3 износот „13.974.298,50" се заменува со износот „13.971.350,00".

Во потточката 13 износот „2.000.000,00" се заменува со износот „1.882.041,00".

Во потточката 15 износот „22.071.600,00" се заменува со износот „33.063.580,50".

Потточките 16 и 17 се бришат.

Потточката 18 станува потточка 16.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-4957/1
3 јули 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

---

2264.

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 88/08, 115/08, 10/10 и 51/11) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.7.2012 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

I

Во Програмата за имплементација на индустриската политика во Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/12), делот I се менува и гласи:

„Со оваа програма се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за користење на средства во износ и тоа: 3.500.000,00 денари обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2012 година – Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставка 462 и 1.914.000,00 денари, обезбедени од донаторски средства – „Проект на УСАИД за унапредување на инвестирањето и извозот", наменети за имплементација на „Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020", а во функција на зголемување на конкурентноста на домашната индустрија, базирана на знаење, иновации и истражувања кои водат кон раст и развој, создавање стимулативна деловна и инвестициона клима и поддршка на претпријатијата за подобрување на нивните конкурентни способности со стекнување на знаења, нови технологии и пазар.

II

Во делот II во став 1 зборовите: „ и ќе се користат за следните намени: "се бришат и на крајот на реченицата се става точка.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Средствата обезбедени од Проектот на УСАИД за унапредување на инвестирањето и извозот во износ од 1.914.000,00 денари ќе се користат за следните намени:"

Во точката 1, зборовите: „1.000.000,00 денари" се заменуваат со зборовите: „914.000,00 денари".

Во точката 1 став 3 зборовите: „ги надоместува Министерството за економија" се заменуваат со зборовите: „се надоместуваат".

Во точката 2, зборовите: „1.500.000,00 денари "се заменуваат со зборовите: „1.000.000,00 денари".

Во точката 2 став 3 зборовите: „ги надоместува Министерството за економија" се заменуваат со зборовите: „се надоместуваат".

Точката 3 се менува и гласи:

„3. Неизмирени обврски по Програмата за имплементација на индустриската политика во Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/11) .

Средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2012 година во износ од 3.500.000,00 денари се наменети за исплата на средства по намени спроведени согласно Програмата за имплементација на индустриската политика во Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/11) ."

III

Во делот III став 2 по зборовите: „дел II" се додаваат зборовите: „точките 1 и 2".

IV

Во делот IV точка 1. по бројот: „1.4" запирката се брише, а зборовите „точка 2 и точка 3" се заменуваат со зборовите: „и точка 2".

V

Во делот V зборовите: „1, 2 и 3" се заменуваат со зборовите: „1 и 2", а зборот „Буџет" се заменува со зборовите: „Проектот на УСАИД за унапредување на инвестирањето и извозот".

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ".

Бр.41-4903/1
3 јули 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

**2265.**

Врз основа на член 7 од Законот за ученички стандард („Службен весник на Република Македонија" број 52/2005, 117/2008, 17/2011 и 135/2011) и член 42 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.7.2012 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД ЗА 2012 ГОДИНА

1. Во Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/12) во точка 1 ставот 3 се менува и гласи:

"Во Република Македонија постојат 18 ученички домови, од кои четири ученички дома (кои се за ученици со посебни образовни потреби, како ученички домови се наменети за ученици со оштетен вид, слух и говор и ученици со пречки во развојот)."

Во став 6 алинејата 6 се менува и гласи:

"- стипендии за ученици-деца на бранителите, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија" број 02/02, 17/03, 03/04 и 66/07) по основ на потпишани договори со Министерството за образование и наука и добиваат износ од 2.200 денари за девет месеци во годинат;".

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.41-4997/1
3 јули 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**2266.**

Врз основа на член 67 став 2 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија" бр. 171/10), министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за транспорт и врски, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ОБЛИКОТ, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ГРАНИЧНИ ТАБЛИ, ОЗНАКИ И ДРУГА СИГНАЛИЗАЦИЈА (*)

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува обликот, содржината и начинот за поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација, со кои се предупредува на приближувањето на граничната линија и се означува граничниот премин и неговото подрачје.

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 562/2006 на Европскиот Парламент и Советот за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс), од 15.03.2006 година, CELEX бр.32006R0562